СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Бр. 08 – 950/1
28.6.2021 година
С к о п ј е

До

Министерството за животна средина
и просторно планирање

**ПРЕДМЕТ: Мислење по Предлог – законот за инспекциски надзор во животната средина**

Почитувани,

Во врска со Предлог – законот за инспекциски надзор во животната средина, објавен на страната на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) на 1.6.2021 година, по спроведена консултација и анализа на предложеното законско решение од страна на компаниите - членки, врз основа на доставените предлози и коментари од членките, Стопанската комора на Северна Македонија го дава следното:

**М И С Л Е Њ Е**
**по Предлог – законот за инспекциски надзор во животната средина**

**Член 3**

**ПРЕДЛОГ: Во ставот (1), алинеја 4 да се измени и да гласи:**
„- откривање на изворот и обемот на загадување на животна средина и преземање мерки за отстранување или намалување.“

**Член 11**

**ПРЕДЛОГ:** Во ставот (4), зборовите „да ја врши“ да се заменат со зборовите „да го врши“.

**Член 16**

**ПРЕДЛОГ: Во ставот (3), алинеја 3 да се измени и да гласи:**
„- дефинирање на приоритети од медиумите и областите за инспекциски надзор во животната средина во периодот за кој се донесува Стратегијата;“

**Член 19**

**ПРЕДЛОГ:** Во ставот (1) по зборот „Директорот“ да се додадат зборовите „на Инспекторатот“.

**Член 21**

**ПРЕДЛОГ:** Во ставот (2) по зборовите „во тековната година“ да се додадат зборовите „за наредната година“.

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * Република Северна Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * Republic of North Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

**Член 25**

**ПРЕДЛОГ: Членот 21 да се измени и да гласи:**

„(1) Редовниот инспекциски надзор е инспекциски надзор врз спроведувањето на соодветните закони и прописите донесени врз основа на тие закони и се врши според однапред предвиден распоред во годишниот и месечниот план.

(2) Редовниот инспекциски надзор се најавува со доставување на писмено известување до субјектот на инспекциски надзор за времето и обемот на инспекцискиот надзор.

(3) Известувањето од ставот (2) на овој член, придружено со листата за проверка од член 40 од овој закон, се доставува најдоцна три работни дена пред отпочнување на вршењето на инспекцискиот надзор.

(4) По исклучок од ставот (2) на овој член, редовниот инспекциски надзор нема да се најави кога постојат причини за неодложно постапување или оправдана загриженост дека најавата ќе го спречи или намали остварувањето на целта на инспекцискиот надзор или кога за тоа постои јавен интерес за отстранување на опасност по животот и здравјето на луѓето и животната средина.

(5) Во случаите од ставот (4) на овој член, инспекторот е должен причините да ги внесе во записникот за инспекциски надзор.

(6) На барање на инспекторот, субјектот на инспекциски надзор подготвува и доставува извештај за самопроверка за исполнување на барањата наведени во листата за проверка во член 40 на овој закон, придружен со соодветни документи со кои се докажува веродостојноста на наводите во извештајот.

(7) Редовен инспекциски надзор од иста инспекциска служба кај ист субјект на инспекциски надзор се врши не повеќе од еднаш годишно."

**КОМЕНТАР:** Се покренува прашањето дали ненајавениот инспекциски надзор доколку е планиран однапред претставува редовен инспекциски надзор, како и дали согласно проценките за ризик за одредени инсталации може однапред да се планираат и предвидат одреден број на ненајавени инспекциски надзори и истите да бидат дел од годишниот и/или месечниот план?

**Член 26**

**ПРЕДЛОГ: По ставот (1) да се додадат два нови става (2) и (3) и да гласат:**

„(2) Пред започнување со вонреден инспекциски надзор, инспектотрот е должен да му соопшти на субјектот на надзорот врз основа на која алинеја од став (1) на овој член го врши надзорот.

(3) Пријавата/иницијативата за инспекциски надзор треба да содржи: назив на инспекциската служба до која се поднесува, име и презиме и адреса на живеење на подносителот односно назив и седиште на правното лице, законски застапник или полномошник доколку го има, правен основ за поднесување, опис на повредата, доказ со кој ја поткрепува повредата и назначување на субјектот кај кој се бара вршење на инспекциски надзор. Инспекторот нема да постапи по иницијативата за инспекциски надзор, во случај кога истата е нецелосна или нејасна."

**Ставот (2) да стане став (4).**

**Член 28**

**ПРЕДЛОГ: Членот 28 да се измени и да гласи:**

„(1) Најавен инспекциски надзор е надзорот кој се спроведува по претходна најава во писмена или електронска форма која се испраќа до субјектот на надзор во која е определено времето, правниот основ, целта и обемот на надзорот.

(2) Редовниот инспекциски надзор мора да биде најавен согласно одредбите на овој закон и Законот за инспекциски надзор.

(3) Ненајавен инспекциски надзор е надзорот кој се спроведува во случај кога инспекторот основано се сомнева дека субјектот на надзор дејноста/активноста ја врши спротивно на прописите од областа на животната средина или доколку смета дека на тој начин би се постигнал поголем ефект и веродостојност на спроведениот инспекциски надзор. Инспекторот е должен да го докаже ова основано сомневање.

(4) Вонредниот инспекциски надзор по правило е ненајавен инспекциски надзор и истиот се спроведува веднаш, а најдоцна во рок од десет работни дена од приемот на пријавата/иницијативата, којашто за правен основ содржи соодветна алинеја од став (1) член 26 на овој закон.

(5) Директорот на Инспекторатот може да донесе упатства со кои ќе го определи начинот и формата на најавата за инспекциски надзор од став (1) од овој член, како и за начинот на спроведување на ненајавен инспекциски надзор во областа на животната средина."

<u>**ПРЕДЛОГ 2: По ставот (3) да се додаде став (4) и да гласи:**</u>

„(4) За инсталациите за кои надзорот од областа на животната средина го врши Државниот инспекторат за животна средина, три последователни најавени инспекциски надзори нема да се извршат од ист државен инспектор за животна средина."

## Член 29

<u>**ПРЕДЛОГ 1: По ставот (1) да се додаде нов став (2) и да гласи:**</u>

„(2) Условите и средствата за вршење на инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член, ги обезбедуваат Државниот инспекторат за животна средина, односно општините или градот Скопје."

Ставовите (2),(3),(4),(5) и (6), соодветно стануват ставови (3),(4),(5),(6) и (7).

<u>**ПРЕДЛОГ 2:**</u> Во врска со ставот (3), детално да се објасни во кои случаи ќе се користи пасивно дежурство и дали јавноста ќе биде запознаена, со цел да се избегне можна злоупотреба.

<u>**КОМЕНТАР:**</u> Се покренува прашањето како ќе биде оправдано пасивното дежурство? Во Законот за инспекциски надзор (Службен весник бр.102/19) не е дефиниран поимот "пасивно дежурство".

## Член 30

<u>**ПРЕДЛОГ 1: Ставот (1) да се измени и да гласи:**</u>

„(1) Државниот инспектор, во присуство на овластено лице од субјектот во кој се врши надзор, врши инспекциски надзор над субјектите на надзорот, во секое време и на лице место, со или без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина односно од стручниот орган, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат поради нивното влијание врз животната средина, како и со акт издаден од друг орган на државната управа кога согласно закон е пропишана таква обврска."

<u>**Ставот (7) да се измени и да гласи:**</u>

„(7) При вршењето на инспекцискиот надзор, во присуство на овластено лице од субјектот во кој се врши надзор, инспекторот има право на пристап во

технолошките, производствените и други процеси коишто се дел од дејностите и/или на активностите на субјектот на надзорот. "

**<u>КОМЕНТАР:</u>** Во некои инсталации пристап на инспектор е возможен само во присуство на овластено лице од субјектот во кој се врши надзор.

**<u>Ставот (8) да се дополни и да гласи:</u>**

„(8) При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот има право да запечати простории и/или предмети во временски период потребен за обезбедување на докази потребни за спроведување на прекршочната или кривична постапка. Запечатувањето простории и/или предмети опишани во овој став треба да се врши на начин кој ќе осигура дека нема негативни влијанија врз здравјето и безбедноста во инсталацијата, како и врз животната средина."

**<u>КОМЕНТАР</u>:** Во некои случаи потребно е да се направи проценка за ефектите и влијанието од запечатувањето на некои простории врз мерките за здравје и безбедност, како и врз животната средина.

**<u>ПРЕДЛОГ 2: Ставовите (1), (2) и (3) да се изменат и да гласат:</u>**

„(1) Државниот инспектор врши инспекциски надзор над субјектите на надзорот, во секое време и на лице место, со или без претходна најава, согласно на видот на инспекцискиот надзор кој го врши, во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина односно од стручниот орган, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат поради нивното влијание врз животната средина, како и со акт издаден од друг орган на државната управа кога согласно закон е пропишана таква обврска.

(2) Овластениот инспектор врши вонреден инспекциски надзор, над правни и физички лица, во секое време и на лице место, без претходна најава во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста за која со соодветен акт, издаден од општината, општината во градот Скопје односно од градот Скопје, е регулирано вршењето на дејноста и/или активноста и се пропишани условите под кои истите можат да се вршат поради нивното влијание врз животната средина.

(3) Државниот инспектор врши инспекциски надзор во секое време и на лице место, со или без претходна најава, согласно на видот на инспекцискиот надзор кој го врши, во и околу деловните простории, инсталациите, објектите, како и на суровините, средствата и опремата за вршење на дејноста и/или активноста, доколку добие сознание или е известен дека овластениот инспектор за животна средина не постапил по основ на добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, институции, правни и физички лица, како и од средствата за јавно информирање."

**<u>ПРЕДЛОГ 3: По ставот (6) да се дополни став (7) и да гласи:</u>**

„(7) Во случај на хаварии или штети предизвикани од инсталациите, корисникот е должен веднаш да го извести Инспекторатот. Инспекторатот е должен во соработка со другите надлежни државни органи да учествуваат во утврдување на причините за настанатите хаварии и штети.".

**Ставовите (7) и (8) да станат, (8) и (9).**

**<u>Член 31</u>**

**<u>ПРЕДЛОГ 1:</u>** Во врска со член 24, предметниот член 31 во ставот (1) да се измени и дополни така што при редовен инспекциски надзор, земањето на примероци за анализа од вода, воздух и почва да може да биде само во присуство

на овластен претставник на правниот субјект каде што се извршува инспекцискиот надзор со цел обезбедување на докази кои се релевантни за утврдување на фактичката состојба.

Во ставот (2) постапката за земање на примероци за анализа на вода, воздух или почва да може да се спроведе при вонреден инспекциски надзор само доколку уредно е поканет претставникот на правниот субјект каде што се извршува инспекцискиот надзор со цел обезбедување на докази кои се релевантни за утврдување на фактичката состојба.

Во ставот (3) пропишаната постапката (образложена) од страна на Министерот кој раководи со органот на државната управа од областа на животната средина да претставува интегрален дел на овој Предлог – закон за инспекциски надзор во животната средина.

<u>**ПРЕДЛОГ 2: Ставот (1) да се дополни и да гласи:**</u>

„(1) При водење на инспекциската постапка, инспекторот во случај на итна и неодложна ситуација, а заради идентификација на изворите и обемот на загадувањето може да земе примероци за анализа од вода, воздух и почва, супстанции и материи кои се испуштаат во животната средина, суровини, отпадни материи, производи и друго кои ќе бидат анализирани во акредитирана лабораторија. Земањето на примероци е во согласност со соодветна стандардна постапка за секој тип на примерок."

<u>**КОМЕНТАР:**</u> Постапката на земање на примероци е дел од постапките за кои е потребна акредитација. Се покренува прашањето како ќе се осигура дека е постапено по соодветна методологија, доколку не се ангажира акредитирана лабораторија?

## <u>Член 33</u>

<u>**ПРЕДЛОГ**</u>: Во врска со ставот (4), трошоците за чување и складирање да бидат на товар на Инспекторатот, односно општините/градот Скопје, бидејќи тие ја иницираат инспекциската постапка и тие одлучуваат дали ќе одземат предмети и колку долго би траело чувањето/складирањето на одземените предмети.

## <u>Член 34</u>

<u>**ПРЕДЛОГ: Ставовите (2), (3) и (4) да се изменат и да гласат:**</u>

„(2) По исклучок од став (1) на овој член, трошоците за спроведениот инспекциски надзор се на товар на субјектот на надзорот доколку инспекцискиот надзор заврши со изрекување на инспекциска мерка, освен опомена.

(3) Трошоците за активностите спроведени за вонреден инспекциски надзор се на товар на субјектот на надзорот доколку инспекциската постапка заврши со изрекување на инспекциска мерка, освен опомена.

(4) Трошоците за активностите спроведени при контролен инспекциски надзор се на товар на субјектот на надзорот, освен ако постапил по опомената."

## <u>Член 36</u>

<u>**ПРЕДЛОГ:**</u> Во членот 36, во ставот (5) да се наведе рок за достава на записникот по пошта кога инспекцискиот надзор се врши без присуство на овластен претставник на субјектот.

## <u>Член 38</u>

<u>**ПРЕДЛОГ:**</u> Во став(10), рокот наместо 8 (осум) да изнесува 15 (петнаесет) дена.

**Член 39**

**ПРЕДЛОГ 1: Ставот (4) да се дополни и да гласи:**

„(4) Стандардните оперативни процедури ги изработува и донесува Директорот на Инспекторатот и се објавуваат на веб страната.“

**ПРЕДЛОГ 2: Ставот (1) да се измени и да гласи:**

„(1) Инспекторот при вршење на инспекциски надзор користи стандардни оперативни процедури.“

**Ставот (1) да се измени и да гласи:**

„(2) Во стандардните оперативни процедури се користат листи на проверка кои претставуваат дел од процедурата.“

КОМЕНТАР: Предлог-законот не ги предвидува Стандардните оперативни процедури како задолжителни. Доколку се предвидуваат Стандардни оперативни процедури истите мора да се применуваат.

**Член 40**

**ПРЕДЛОГ: Ставот (6) да се дополни и да гласи:**

„(6) Листите на проверка ги донесува соодветната инспекциска служба од членовите 12 и 13 од овој закон и ги објавува на својата веб страна.“

**Член 41**

**ПРЕДЛОГ: по став (5) да се додаде став (6) и да гласи:**

„(6) Методологијата од ставот (5) на овој член се објавува на веб страната на Инспекторатот.“

ПРЕДЛОГ: Проценката на ризикот да биде достапна за јавноста. Дополнително се покренува прашањето како ќе се докаже објективноста на изработената Проценка на ризик?

КОМЕНТАР: Во член 41 став (2) е наведено дека „Критериумите за проценка на ризикот и зачестеноста на спроведување на инспекцискиот надзор се пропишани во Законот за инспекциски надзор“, а всушност никаде не се дефинирани/ пропишани / определени.

**Член 42**

ПРЕДЛОГ: Во ставот (6) рокот наместо два месеца да изнесува еден месец.

КОМЕНТАР: Рокот за подготвување на предлог – извештајот е премногу долг.

Во ставот (7) зборовите „став (5)“ да се заменат со зборовите „став (6)“.

Во ставот (8) зборовите „став (6)“ да се заменат со зборовите „став (7)“.

Во ставот (9) зборовите „став (5)“ да се заменат со зборовите „став (6)“, а зборовите „четири месеца“ да се заменат со зборовите „два месеца“.

Во ставот (10) зборовите „став (5)“ да се заменат со зборовите „став (1)“.

**Член 43**

ПРЕДЛОГ: Во ставот (6) да се дефинира дали податоците од базата на податоци се постојано достапни во електронска форма на web страна или се добиваат по доставување на индивидуално барање на истите до Инспекторатот.

Дополнително, во упатствата треба да биде јасно дефинирано кои видови на податоци (како список) претставуваат дел од Базата на податоци.

**Член 46**

**КОМЕНТАР:** Во член 46 став (4) по зборовите „од ставот (3) алинеја 3 од овој“ наместо зборот „закон“ треба да стои зборот „член“.

**Член 47**

**ПРЕДЛОГ:** Во ставот (5) зборовите „ставот (5)“ да се заменат со зборовите „ставот (4)“.

**Член 48**

**КОМЕНТАР:** Во врска со ставот (2), да се појасни дали се мисли на комисија од членот 47, со оглед дека комисијата не е уредена со членот 43.

**Член 50**

**ПРЕДЛОГ:** Рокот во ставот (2) да се скрати.
**КОМЕНТАР:** Рокот е од две години е премногу долг. Се покренува прашање дали во текот на овие две години ќе бидат изработени годишни и месечни планови.

**Член 51**

**ПРЕДЛОГ:** Рокот во ставот (1) да се скрати.
**КОМЕНТАР:** Рокот е од една години е премногу долг.

*

* *

Се надеваме дека доставените предлози и коментари ќе бидат земени предвид при подготовката на финалната верзија на законот, а Стопанската комора останува подготвена за соработка по однос на сите идни активности поврзани со ова прашање, со цел креирање јасна и применлива регулатива.

Извршен директор,
м-р Антони Пешев

Изготвила: м-р Нена Николовска, експерт
Проверила/одобрила: Билјана Пеева – Ѓуриќ, оперативен директор